ЦЕНТАР ЗА ПОМОШ НА ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ "ПОРАКА"
Бр. 0102
10.11 2026 год
ВИНИЦА

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Управни и административни органи
ВИНИЦА

Примено: 10 11 2026			
Орг. един	Број:	Прилог	Вредност
	05-285/6		

Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост
-ПОРАКА Виница-

ФИНАНСОВ ПЛАН ЗА 2027 ГОДИНА

За реализација на зацртаната програма на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Виница за 2027 година потребни се следните финансиски средства:

	Опис на ставка	**Износ (денари)**
1	Одржливост на социјална сервисна служба - социјален клуб за лица со интелектуална попреченост (трошоци за наемнина и режиски трошоци)	120.000,00
2	Материјали за работилници во социјалниот клуб	20.000,00
3	Соработка и размена на искуства со други локални организации и сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА	20.000,00
4	Одбележување на 3-ти декември, меѓународен ден на лица со попреченост	20.000,00
5	Спроведување кампањи за подигање на Јавната свест	20.000,00
	ВКУПНО	**200.000,00**

РЕКАПИТУЛАЦИЈА

- **Побарани средства од Општина Виница** **120.000,00 денари**
- **Обезбедени средства од РЦПЛИП – ПОРАКА** **80.000,00 денари**
- **ВКУПНО** **200.000,00 денари**

Виница, ноември 2026 година

Претседател
Благица Стоиловска

ЦЕНТАР ЗА ПОМОШ НА ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ "ПОРАКА" Бр. 01-02 10.11 2026 год ВИНИЦА

Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост
ПОРАКА-Виница

П Р О Г Р А М А З А Р А Б О Т А
за 2027 година

Виница

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЦПЛИП ПОРАКА ВИНИЦА ЗА 2027 ГОДИНА

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА Виница е национална ,родителска, граѓанска, невладина и непрофитабилна организација која ги застапува правата и интересите на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во Општина Виница.Лицата со интелектуална попреченост се граѓани на нашата Држава, жители на нашата Општина, наши сограѓани и даночни обврзници и имаат еднакво право да бидат вклучени во општеството без оглед на степенот на нивната попреченост.

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченостПОРАКА Виница е регистрирана 1987 година и ги застапува правата и интересите на околу 180 лица со попреченост на територијата на Општина Виница.

Главни цели и задачи на ЦПЛИП ПОРАКА Виница

Поттикнување и вклучување на лицата со интелектуална попреченост во граѓанското општество без дискриминација:

1. Превенција од институционализација и вклучување во процесот на деинституционализација на лицата со попреченост;
2. Обезбедување семејна поддршка;
3. Спроведување кампањи за подигање на јавната свест;
4. Соработка со постоечки сервисни служби;
5. Соработка со локалните организации на РЦПЛИП ПОРАКА и размена на искуства

6. Активно вклучување во процесот на унапредување на законските можности за остварување на човековите права на лицата со попреченост;
7. Активна работа на Социјалниот Клуб ПОРАКА;
8. Едукативни работилници со лицата со попреченост.

Превенција од институционализација на лицата со интелектуална попреченост

Доколку се создадат услови за отварање на нови сервисни служби од едукационен и згрижувачки карактер во местото на живеење и правилно и успешно се едуцираат семејствата кои имаат лица со попреченост се намалува институционализацијата на лицата со попреченост во постоечките институции од згрижувачки карактер.

Обезбедување на психолошка поддршка

Поединечните и групни средби и континуираните разговори со семејствата кои имаат лице со интелектуална попреченост и обезебедувањето директна презентација и пристап до закоската регулатива Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА Виница ќе организира информативни состаноци на кои ќе можат да ги добијат сите корисни информации и упатства за полесен пристап и остварување на нивните права од областа на социјалната и здраствена заштита .

Спроведување кампањи за подигање на јавната свест

Се со цел да се подигне свеста кај пошироката јавност во однос на лицата со интелектуална попреченост активностите на ЦПЛИП ПОРАКА Виница ќе бидат насочени кон истакнување на потенцијалите и можностите на лицата со интелектуална попреченост и нивниот придонес во општеството преку промоција

на нивни рачни изработки,организирање јавни настани, делење едукативни материјали и сл.

Соработка со постоечки сервисни служби

Во измнатите години Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА Виница има воспоставена соработка со неколку локални организации на ПОРАКА.Оваа соработка ќе се зајакнува и продлабочува со заеднички активности на локално и регионално ниво се со цел подобрување на правата и положбата на лицата со попреченост и нивните семејства, размена на искуства и сл.

Активно вклучување во процесот на унапредување на законските можности за остварување на човековите права на лицата со попреченост

Од стратегијата за соработка со граѓанскиот секторот која беше усвоена во јануари 2007 година произлезе обврска за надлежните државни органи да го вклучат НВО секторот во креирањето на законите.Со тоа се олеснува делувањето и пристапот на невладините организации кои ги застапуваат правата и интересите на лицата со интелектуална попреченост да дадат свој придонес во креирање на законската регулатива за остварување на правата.

Активна работа на Социјалниот Клуб на ЦПЛИП ПОРАКА Виница

Социјалниот Клуб на ЦПЛИП ПОРАКА Виница во реализација на своите активности ќе се води од начелата на достапност, ефикасност, континуираност,правичност и сеопфатност.

Работата во Социјалниот Клуб се реализира во согласност со годишната програма за работа за 2027 година која е во сопственост на РЦПЛИП ПОРАКА која истовремено врши координација, дава стучно-методолошка и финансиска поддршка, надзор, мониторинг и евалуација на работата на сервисната служба и дава насоки за унапредување и усовршување на квалитетот на работата.

Целта е да го подобри квалитетот на животот на лицата со попреченост пред се:

-развивање на животни вештини;

-поттикнување на лицата со попреченост да се потпираат на сопствените сили и способности;

-развивање на чуство на припадност;

-развивање на емпатија;

-подобрување на нивната меѓусебна комуникација и дружба;

-реализација на когнитивно-едукативни активности;

-креативни активности во соработка со Дневен центар за лица со попреченост Основните училишта во општина Виница Младинската организација на Црвен крст Виница Дом на култура музеј „Теракота“ и др.

-активности со семејствата на лицата со интелектуална попреченост.

-активни средби и соработка со другите социјални клубови на ПОРАКА.

Програмата за работа на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА Виница за 2027 година е отворена и истата може да се надополнува во текот на нејзината реализација.

ЦПЛИП ПОРАКА Виница